# Лекување на ракот



▷ *Macedonian*

*Treating cancer*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

Ако испитувањата покажат дека имате рак, вашиот лекар ќе ве посоветува кој вид на лекување ќе биде најдобро за вас. Оваа информативна брошура ги опишува вообичаените третмани (начини на лекување) на ракот.

Постојат многу видови на рак. Третманот кој е најдобар за еден вид на рак не значи дека е најдобар третман и за друг вид на рак.

Прашајте го вашиот лекар за сè што не ви е јасно. Можете да поведете роднина или пријател со себе кога лекарот зборува за третманот. Можете да запишете кога зборува лекарот или можете да побарате да го снимите на лента она што го кажува. Тоа ќе ви помогне да го запаметите она што лекарот ви го кажува.

***Ако вашиот лекар не зборува на вашиот јазик, и во колку немате добро познавање на англискиот јазик, препорачливо е да користете преведувач на средбата, кога ви се објаснува третманот и начинот на лекување. Побарајте од лекарот да организира присуство на преведувач на овие средби.***

Вам ќе ви биде потребно некое време за да донесете одлука за вашиот третман. Бидете сигурни дека разбирате сè што е потребно. Прашајте го лекарот колку време имате за да ја донесете вашата одлука.

Луѓе заболени од рак можат да имаат еден, два или повеќе различни видови на третман – тоа зависи од видот на рак што тие го имаат. Во некои случаи третман не е препорачлив.

Некои луѓе одлучуваат дека не сакаат третман. Луѓето имаат право да одбијат медицински третман. Тие треба внимателно да ја дискутираат нивната одлука со нивниот лекар и да бидат сигурни дека разбираат како ракот ќе се развива во колку немаат третман.

## Прашања што треба да му ги поставите на лекарот во врска со третманот:

- Зошто го препорачувате овој третман?
- Кои се последичните појави од третманот?
- После третманот, колку долго треба да чекам пред да се вратам на работа? Колку време е потребно за да се вратам на моите нормални активности?
- Кога ќе знам дали третманот е успешен?
- Дали е потребно нешто да правам пред, за време или после третманот?
- Дали имам потреба да правам еден или повеќе видови на третмани?
- Каде ќе го имам третманот?
- Колку тоа ќе чини? Дали е целосно покриено со Medicare или со приватно здравствено осигурување?
- Ако одлучам дека ми е потребно мислење од друго лице, дали би ме препорачале на некого?

## Операција

Со операција може да се отстрани еден дел од ракот или пак целосно да се отстрани ракот.

Некои операции се мали, како на пример отсечување на рак на кожата или пак биопсија. Други операции се големи, како на пример кога рак се отстранува од некој телесен орган.

Операција може да биде направена за да се догради или замени дел на телото (како на пример, реконструкција на дојка по извршена операција на дојката).

На лицето обично му се даде општа опојка. Општата опојка го успива лицето и го прави да не чувствува болка се додека опојното сретство не помине. Понекогаш луѓето имаат болки и се чувствуваат лошо кога ќе се разбудат после опојка. Лекарите и медицинските сестри можат да дадат лекови кои ќе му помогнат на лицето да се чувствува подобро.

Операцијата делува различно кај секое лице. Некои луѓе се соземаат од операцијата за неколку денови. На луѓето кои имале поголема операција понекогаш им се потребни повеќе недели или месеци додека почнат да се чувствуваат нормално.

Ако имате операција, вашата медицинска сестра или лекар ќе ви објаснат како да се грижите за вашето тело додека заздравувате. Процесот на заздравување може да влијае на тоа што можете да јадете или колку вежби можете да правите. Во колку не сте сигурни што треба да правите, прашајте го вашиот лекар или медицинска сестра.

Нормално е да има некои болки после извршена операција. Побарајте лекови за намалување на болките онолку често колку што ви се потребни.

Операцијата може да биде првиот третман на ракот. Подоцна, лицето може да има хемотерапија и/или радиотерапија.

## Прашања што треба да му ги поставете на вашиот лекар во врска со операцијата:

- Дали ќе имам болки откако ќе се разбудам после опојката?
- Дали ќе бидам способен да јадам и да станам од кревет кога ќе се разбудам од операција?
- Дали ќе имам пластични цевчиња во моето тело? На кои места, и зошто ќе бидат таму?
- Каков друг третман ќе ми биде потребен?

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004

# Лекување на ракот



## Хемотерапија

Хемотерапија против рак е медицински лек што може да ги убие клетките на ракот додека врши најмало можно оштетување на нормалните клетки. Хемотерапијата ги сопира клетките на рак да не се размножуваат.

Хемотерапијата е понекогаш првиот третман против ракот. Но, обично хемотерапија се дава после други третмани. Хемотерапијата помага да се убијат клетките на рак кои што останале по операцијата или радиотерапијата.

Некои луѓе имаат потреба од хемотерапија додека сеуште се во болница. Други луѓе можат да одат неколку часови во болница за да примат хемотерапија. Понекогаш хемотерапијата може да биде дадена и дома.

Обично, лицето прима хемотерапија во времетраење од неколку часови за неколку денови, проследено со одмор од две до три недели. Лицето вообичаено има неколку сесии на хемотераписки третман во период од неколку месеци.

Хемотерапијата обично се дава со инјекција во вена. Некои луѓе имаат ставено цевче под нивната кожа за да им помогне да примаат редовна хемотерапија во вените. Тоа ги заштитува вените од преголемо оштетување. Цевчињата остануваат под кожата се додека трае хемотерапијата. Хемотерапија исто така може да биде земена во вид на таблети, со инјекција во мускулното ткиво или преку крема на кожата.

Хемотерапијата може да предизвика привремени последични појави. Може да предизвика повраќање, гадење и губење на косата од главата и телото. Има лекови кои можат да помогнат со појавата на гадење и повраќање. Косата што е загубена за време на хемотерапијата повторно почнува да расте, два месеци откако ќе се прекине со хемотерапијата.

Хемотерапијата може да предизвика и долготрајни последични појави. Таа може да влијае на плодноста на лицето, на пример, вашиот менструален период може да биде прекинат за некое време или засекогаш.

Ако планирате да имате деца, а треба да примате хемотерапија, прашајте го лекарот што треба да правите. На пример, спермата на мажите би можела да се зачува во клиника или болница.

**Прашања што треба да му ги поставете на вашиот лекар во врска со хемотерапијата:**

- Колку долго ќе трае третманот?
- Какви странични, последични појави е возможно да имам?
- Дали има некои долготрајни последици од третманот ?
- Што можам да правам за да се грижам за себе, додека примам хемотерапија?

## Радиотерапија

Радиотерапијата е третман кој користи радијација. Радијацијата е еден вид на енергија. Таа може да ги оневозможи клетките на ракот да се размножувааат. Радиотерапијата може да делува и на нормалните клетки, но тие можат да заздрават.

Радиотерапијата може да биде употребена на два начина: од надворешноста или од внатрешноста на телото. Кога е насочена однадвор, радијацијата е вперена од машината кон ракот и околното ткиво. Кога се употребува од внатрешната страна на телото, радиоактивна материја во вид на капсули се става во телото или во близина на ракот. (Во колку мажите имаат ваков вид на радиотерапија против рак на простатата, тие се советувани да користат кондом кога имаат секс, за време на првите две недели откако капсулите се ставени. Тие треба да се советуваат со својот лекар во врска со тоа.) Радиотерапијата не го прави лицето радиоактивно и третманот не боли. Исто така, радијацијата не е топла.

Некои луѓе имаат потреба од еден третман, додека други имаат потреба од неколку. Секој третман трае неколку минути, но одделете повеќе време при вашата посета. Бројот на денови во кој што лицето има потреба од третман се разликува. Вашиот лекар ќе одлучи за бројот на третманите што ви се потребни.

Некои луѓе имаат последични појави од радиотерапијата. Тука се вклучени замор, црвенило на кожата или чувство на изгореници, гадење, повраќање и пролив. Некои луѓе пак немаат последични појави.

**Прашања што треба да му ги поставете на вашиот лекар во врска со радиотерапијата:**

- Колку долго ќе трае мојот третман?
- Кои последични појави може да ги имам?
- Како да се грижам за себе додека имам радотерапија?

*Macedonian*

*Treating cancer*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004

# Лекување на ракот



## Имунотерапија

Имуниот систем е мрежа на клетки и органи кои го бранат телото од инфекции и болести. Тој може да ги разликува нормалните клетки од клетките на ракот. Имунотерапијата користи лекови кои го стимулираат имуниот систем да се бори против ракот.

Луѓето примаат имунотерапија усно, или со инјекција во вената или под кожата.

Имунотерапијата може да предизвика последични појави, често во вид на грип. Луѓето може да почувствуваат студенило, потење, замор, главоболка, мускулни болки, гадење, повраќање или пролив.

**Прашања што треба да му ги поставете на вашиот лекар во врска со имунотерапијата**:

- Како ќе се чувствувам кога ќе го имам овој третман?
- Дали треба да превземам некои претпазливи мерки за време на овој третман?

## Хормонска терапија

Растежот на некои видови на рак (како ракот на простатата и ракот на дојките) зависат од некои хормони произведени од телото. Овој третман може да го сопре телото да ги произведува тие хормони. Со оваа терапија, луѓето можат да се лекуваат со земање лекови, или пак може да им се изврши операција за да се отстрани органот кој ги произведува тие хормони. Третманот зависи од тоа каков е видот на ракот во лицето. Последични појави од хормонска терапија можат да бидат зголемен апетит, задржување на течност во телото и зголемување на телесната тежина. Расположението на луѓето како и сексуалната желба понекогаш можат да бидат афектирани.

*Macedonian*

*Treating cancer*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

The Cancer Council Victoria
1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004